**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ДОДАТОЦИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ДОДАТОЦИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**ОБЈАВЕН ВО:** "Службен весник на РСМ", број 94/20 од 07.04.2020 година
**ИЗМЕНА ВО:** "Службен весник на РСМ", број 97/20; 103/20; 108/20

**Член 1**

Со оваа уредба со законска сила се уредува ограничувањето на исплатата на додатоци и надоместоци на плата на вработените во органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејности од областа на образованието, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот и во институциите кои вршат работи од јавен интерес утврден со закон, а се организирани како агенции, фондови, регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, јавни установи и јавните претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје и од општините во градот Скопје и акционерските друштва во целосна сопственост на државата, за време на траење на вонредната состојба за месец април и мај.

**Член 2**

На вработените од член 1 од оваа уредба со законска сила не им се исплатуваат додатоци и надоместоци на плата согласно закон и колективен договор, за време на траење на вонредната состојба почнувајќи со исплата на плата за месец април 2020 година.

На вработените од член 1 од оваа уредба со законска сила, на кои им се исплатува плата согласно закон и колективен договор правото на додаток за работен стаж, додаток за ноќна работа, надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест или повреда, надоместок на плата поради користење на годишен одмор, надоместок на плата за ден на државен празник и неработен ден утврден со закон, одвоен живот од семејството (освен за пратениците), надоместок на трошок за смрт на работникот или член на неговото семејство, отпремнина при заминување во пензија, го остваруваат и се исплаќа и за време на траењето на вонредната состојба за месец април и мај.

**Член 3**

Одредбите од оваа уредба со законска сила не се однесуваат на медицинскиот и помошно-технички персонал во јавните здравствени установи, вработените во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, затворска полиција, високообразовните установи и јавните научни установи, инспекторите вработени во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за транспорт, Агенцијата за лекови и медицински средства и Агенцијата за храна и ветеринарство и кабинетските службеници.

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2865/1**
**07 април 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија,**
**Оливер Спасовски, с.р.**

*** * * * * * * ***

**Од Уредбата за изменување и дополнување на уредбата**
**("Службен весник на РСМ", број 97/20 од 09.04.2020)**
**Член 2**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-2865/2**
**09 април 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија,**
**Оливер Спасовски, с.р.**

*** * * * * * * ***

**Од Уредбата за изменување и дополнување на уредбата**
**("Службен весник на РСМ", број 103/20 од 16.04.2020)**
**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-3182/1**
**16 април 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија,**
**Оливер Спасовски, с.р.**

*** * * * * * * ***

**Од Уредбата за изменување и дополнување на уредбата**
**("Службен весник на РСМ", број 108/20 од 24.04.2020)**
**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-3198/1**
**24 април 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија,**
**Оливер Спасовски, с.р.**